Средно општинско земјоделско училиште КУЗМАН ШАПКАРЕВ Битола

| Примено | 12.01.2023г. | | |
|---|---|---|---|
| Организационе единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 26/1 | | |

Архивски знак: 0302
Рок на чување: Тс.
24.04.2023 година Потпис

**До СОЗУ Кузман Шапкарев Битола**

# Б А Р А Њ Е

## за пристап до информации од јавен карактер

Од Младински културен центар Битола, ул. Цар Самоил бр.29, тел. 047/ 233 - 020, e-mail: mkcbt@t.mk

Застапник / полномошник на барателот на информацијата Александар Тодоровски, ул. Цар Самоил бр.29, тел. 075/ 468 - 577, e-mail: mkcbt@t.mk

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ги доставите следните информации:**

1. **Листа на објекти за спорт кои се во сопственост на СОЗУ Кузман Шапкарев Битола или со кои управува училиштето;**
2. **Листа на објекти за спорт кои тековно се доделени на користење на правни и физички лица и под кои услови (назив на закупецот; рок на издавање; висина на надоместок; намена на користење на објектите);**
3. **Договорите за користење на објектите за спорт во сопственост на СОЗУ Кузман Шапкарев Битола или со кои управува училиштето склучени за користење со правни и физички лица;**
4. **Во каква постапка се доделени договорите за користење на објектите за спорт со објаснување на процедурата, критериумите и начинот на избор на корисниците на објекти за спорт? (доколку имате интерен акт за оваа постапка ве молиме доставете ни го).**
5. **Ценовник/Тарифник за користење на објектите за спорт во сопственост на СОЗУ Кузман Шапкарев Битола или со кои управува училиштето;**
6. **Место (службен гласник, веб-страница, локален весник итн.) и содржина на објавените повици за издавање на објектите за спорт во сопственост на СОЗУ Кузман Шапкарев Битола или со кои управува училиштето?**
7. **Кој ги користи и за која намена објектите за спорт кои не се дадени на користење на правни и физички лица?**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Битола

Датум 10.01.2023 година

Потпис:

Име и презиме

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Средно општинско земјоделско училиште
КУЗМАН ШАПКАРЕВ
БР. 03-26/2
30.01. 20 23 ГОД.
БИТОЛА

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ број 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер добиено по електронски пат од барателот Младински културен центар Битола, ул.„Цар Самоил“бр.29, тел.047/233-020, со електронска адреса mkcbt@t.mk.com, од 10.01.2023 година, имателот на информацијата СОЗУ„Кузман Шапкарев“ од Битола, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од Младински културен центар Битола: Истражување за користење на објектите за спорт кои се во сопственост или со кои управуваат општините и училиштата СЕ УВАЖУВА.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со барањето информација од јавен карактер од барателот на информацијата Младински културен центар Битола, ул.„Цар Самоил“ бр.29, тел.047/233-020, со електронска адреса mkcbt@t.mk.com, имателот на информацијата СОЗУ„Кузман Шапкарев“ од Битола Ви ја доставува информацијата.

1 СОЗУ„Кузман Шапкарев“ од Битола управува со спортска сала и спортски терен кои се во сопственост на Општина Битола;

2. Спортската сала на СОЗУ„Кузман Шапкарев“ од Битола тековно е доделена на користење на следните правни и физички лица.

- ФК ОФК-Битола, со договор за користење на спортската сала за тренирање на мал фудбал за месец декември 2022 и за месеците јануари и февруари 2023 година, во вкупен износ на договорот од 14.868,00 денари;

- Игор Спасеновски, со договор за користење на спортската сала за тренирање на мал фудбал за месец јануари 2023 година, во вкупен износ на договорот од 3.900,00 денари;

- ФК Звезда 2015, со договор за користење на спортската сала за тренирање на мал фудбал за месец јануари 2023 година, во вкупен износ на договорот од 2.615,00 денари;

- ФК Црнобуки, со договор за користење на спортската сала за тренирање на мал фудбал за месец јануари 2023 година, во вкупен износ на договорот од 4.130,00 денари;

- Христијан Марковски, со договор за користење на спортската сала за тренирање на мал фудбал за месец јануари 2023 година, во вкупен износ на договорот од 975,00 денари.

3 Договорите за користење на спортска сала со кои управува училиштето склучени за користење со правни и физички лица ќе Ви бидат испратени по е-маил адреса во скенирана форма како прилог на ова решение.

4. Договорите за користење на спортската сала се доделени по претходно барање од страна на физичките или правните лица до СОЗУ„Кузман Шапкарев“ од Битола а врз основ на добиената согласност од Општина Битола;

5 СОЗУ„Кузман Шапкарев“ од Битола наплатата за користење на спортската сала со која управува нашето училиште ја врши врз основа на Ценовник за користење на спортските сали во основните и средните училишта на подрачјето на Општина Битола донесен со одлука од Советот на Општина Битола кој во прилог на ова решение ќе Ви биде испратен по е-маил адреса во скенирана форма;

6. СОЗУ„Кузман Шапкарев“ од Битола не објавува повици за издавање на спортската сала и спортскиот терен.

7 Спортскиот терен со кој управува СОЗУ„Кузман Шапкарев“ од Битола го користат учениците редовно запишани во СОЗУ„Кузман Шапкарев“ за потребите на наставата.

Иматенот на информација СОЗУ„Кузман Шапкарев“ од Битола постапувајќи во согласност со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ број 101/2019) реши како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**. Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на решението.

Решено во СОЗУ„Кузман Шапкарев“ од Битола на 30.01.2023 година под бр.03-26/2.

СОЗУ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“-Битола
Директор
**Кривевски Благоје**

Службени лица определени за посредување со информации од јавен карактер

1.Кицевска Андријана-секретар________________

2.Филиповска Марија-психолог ________________